Број 2

09.02.2023 година

Службен гласник на општина Делчево Уредува

Излегува по потреба Одделение за правни и општи работи

ФЕВРУАРИ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 09.02.2023 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД ВОНРЕДНАТА СЕДНИЦА

НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

I

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на Вонредната седница, одржана на 08.02.2023 година и тоа:

1. Одлука за доделување на парична помош од Буџетот на Општина Делчево за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 08- 299/1
09.02.2023 год.
Делчево

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Градоначалник,
Горан Трајковски,с.р.

1.

Врз основа на член 36 и член 62 став 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002, Советот на Општина Делчево, на ВОНРЕДНА седница, одржана на 08.02.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за доделување парична помош од Буџетот на Општина Делчево**
**за настраданото население од катастрофалниот**
**земјотрес во Турција и Сирија**

Член 1

Советот на Општина Делчево доделува парична помош во износ од **120.000** денари или ( 60.000 денари за Турција и 60.000 денари за Сирија).

Средствата ќе бидат наменети за настраданото население од катастрофалниот земјотрес во Турција и Сирија.

Член 2

Средствата од член 1 став 1 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Делчево за 2023 година и истите ќе бидат исплатени на :
- **ИМЕ**:ФОНД НА СОЛИДАРНОСТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА;
-**СМЕТКА**: 300000001327966
-**ДАНОЧЕН БРОЈ**:4030984271620
-**БАНКА**: АД КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА

Член 3

Се задолжува Секторот за финансиски прашања да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-298/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**08.02.2023 година** **Претседател,**
**Д е л ч е в о** **Гоце Попов,с.р.**